Ј-4/ГШ на АРМ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 01-446/1
16-01-2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
16-01-2015

21/01/2015

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИСХРАНА НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, Јануари 2015 година**

## СОДРЖИНА:

Страна

ПРВА ГЛАВА
*ОПШТИ ОДРЕДБИ*....................................................3

ВТОРА ГЛАВА
*ПЛАНИРАЊЕ НА ИСХРАНА, НАБАВКА, ПОДГОТОВКА И ПОДЕЛБА НА ХРАНА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ*....................................................4

1. Планирање на исхрана....................................................4
   1.1 Составување и изработка на листи на јадења....................................................4
   1.2 Составување и изработка на бројна состојба....................................................5
   1.3 Составување и изработка на пресметка на храна и издавање на прехрамбени артикли....................................................5
   1.4 Програмирање на исхрана....................................................6
2. Набавка, прием и чување на артикли за исхрана....................................................6
3. Подготовка, поделба на храна и обедување....................................................8
4. Организација на исхрана во теренски-воени услови....................................................10
5. Контрола на квалитет и безбедност....................................................11
6. Санитарно - безбедносни мерки и мерки за заштита при работа во ресторантите за исхрана....................................................12

ТРЕТА ГЛАВА
*ВИДОВИ, СТРУКТУРА И НАМЕНА НА ОБРОЦИ/ ПОЛУОБРОЦИ И ДОДАТОЦИ*....................................................14

1. Видови на оброци/полуоброци....................................................14
   1.1 Видови, структура и намена на целодневен оброк за редовна исхрана.... 14
   1.2 Видови, структура и намена на целодневен оброк за теренски-воени услови....................................................15
   1.3 Видови, структура и намена на дневен полуоброк.................................... 16
2. Видови, структура и намена на додатоци....................................................17
   2.1 Ужина ....................................................17
   2.2 Додаток I ....................................................17
   2.3 Додаток II....................................................18
   2.4 Додаток III .................................................... 18

ЧЕТВРТА ГЛАВА
*ПРАВО НА ИСХРАНА*.................................................... 19

1. Право на бесплатна исхрана.................................................... 19
2. Право на исхрана со наплата.................................................... 20

ПЕТТА ГЛАВА
*ИСХРАНА ВО ПОСЕБНИ СЛУЧАИ*....................................................21

ШЕСТА ГЛАВА
*ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*....................................................22

ПРИЛОЗИ.................................................... 23-28

Прилог обрасци:

- Образец за план на дневни, неделни и месечни листи на јадења
- Образец за бројна состојба
- Образец за збирна листа на бројната состојба
- Образец за пресметка на дневно следување на продукти

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 20 став 1 точка 46 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11 и 151/11), Министерот за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИСХРАНА НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### ПРВА ГЛАВА

***ОПШТИ ОДРЕДБИ***

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на организирање на исхрана на припадниците на Армијата на Република Македонија (во натамошен текст Армијата).

Под организирање на исхрана се подразбира збир на мерки и активности кои се преземаат во насока на планирање, програмирање, набавка, подготовка и поделба на храна во Армијата.

Во Армијата право на исхрана имаат следниве лица:

а) војник на доброволно служење на воен рок;

б) кандидат за професионален војник за време на изведување на селективни курсеви;

в) професионален војник (во натамошниот текст: ПФВ);

г) припадник на резервни сили на Армијата (општа резерва и активна резерва);

д) питомец на Воената академија;

ѓ) слушател на курс за стручно оспособување во Центарот за обука на пилоти;

е) слушател на стручно оспособување и усовршување на офицери и подофицери;

ж) воен старешина – офицер, подофицер и цивилно лице на служба во Армијата;

з) лица од Министерството за Одбрана (во натамошниот текст: МО) кои по било кој основ остваруваат активности во рамките на Армијата;

и) лица од Република Македонија и странство кои по било кој основ остваруваат активности со припадниците на МО и Армијата.

Лицата наведени во став 3 од овој член остваруваат право на исхрана во мирновремени услови, за време на изведување на заеднички тактички вежби, мобилизациски вежби, вежби за проверување на борбената готовност, во воени услови и извршување мисија во странство поддржана од сопствен Национален елемент за поддршка (во натамошен текст НЕП) или од НЕП на земја пријател (доколку не е регулирано поинаку со друг акт) и други заеднички активности со МО и странство.